# АНЕКС А КОН ПРИРАЧНИКОТ ЗА РАБОТА ВО ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ

## Прирачник за грант за механизам на поддршка на приходите (механизам за поддршка на исплата на плати и социјални придонеси)

## Северна Македонија – Проект за поврзување на локални патишта

## Компонента на постапување при непредвидени вонредни состојби (CERC)

## Програма за одговор на кризата предизвикана од КОВИД-19

---

**Вовед**

1. **Целта на овој Прирачник за грант е да се изложи конструкцијата на механизмот за поддршка на приходите, утврден од страна на Владата на Северна Македонија како дел од нејзината програма за одговор на кризата предизвикана од КОВИД 19 и модалитетите на финансирање на механизмот од страна на Светската банка во рамките на Компонентата на постапување при непредвидени вонредни состојби (CERC) на Проектот за поврзување на локални патишта.** Во Делот I се дадени главните одлики на владината Програма за одговор на кризата предизвикана од КОВИД 19. Во Делот II е претставен механизмот за поддршка на приходите, воспоставен од Владата како дел од нејзината програма за одговор на кризата. Делот III содржи дискусија за модалитетите на финансирање со механизмот на Светската банка во рамките на CERC. Во Анекс 1 се содржани дополнителните прашања кои треба да се додадат на барањето за грант, за да биде во согласност со барањата на Светска банка (СБ) во однос на еколошката и социјалната заштита. Анексот 2 содржи проценка на Управата за јавни приходи (УЈП) и Министерството за финансии, за целите на спроведување на CERC. Анекс 3 го содржи мапирањето на процесот на доделување грант во рамките на CERC.

**Дел I: Владина програма за одговор на кризата предизвикана со КОВИД 19**

2. **Како и другите земји од Западен Балкан, и Северна Македонија е погодена од пандемијата на КОВИД 19 од крајот на февруари 2020.** Северна Македонија го потврди својот прв случај на 26 февруари 2020. На 24 април 2020., имаше 1.326 потврдени случаи во земјата, вклучително и 337 излечени и 57 смртни случаи. Земјата е на горниот дел од кривата, при што бројот на нови случаи во просек растеше за околу 6% на ден во периодот од 14 до 18 април 2020 година. На 18 март, Претседателот прогласи вонредна состојба, по што границите беа затворени, а Владата воведе ограничувања во однос на социјалната дистанца, вклучително и полициски час на целата територија на земјата, со цел да се забави ширењето на заразата.

3. **Владата воведе широк спектар на политики во одговор на кризата и со цел да им се помогне на компаниите да опстанат и да ги задржат вработените, кои вклучуваат фискални, монетарни и макрофинансиски мерки:**

   I. **Фискални мерки**

      a. Во март, Владата реализираше фискален пакет (0,2% од БДП) за да помогне во решавањето на проблемите на фирмите поврзани со ликвидноста и за да ги заштити работните места; пакетот е наменет за погодените сектори, како што се транспортот, хотелите и ресторанИте и опфаќа период од три месеци, со почеток во април 2020. Мерките вклучуваат субвенции во однос на придонесите од социјално осигурување за фирмите кои ќе ги задржат вработените, како и одложување на аконтациите на данокот на добивка. Исто така, мерките вклучуваат и директна

финансиска помош за фирмите од страна на Развојната банка, која нуди заеми со каматна стапка од нула проценти. Владата ги намали и каматните стапки на ненамирените даночни обврски и преплатените даноци, а воведе и привремена забрана за покренување стечајна постапка.

b. На 1 април 2020 година беше објавен дополнителен пакет финансиски мерки, во кој е вклучена субвенција на плати во износ на минималната нето плата за погодените фирми, со цел да им се помогне да ги задржат вработените (1% од БДП), како и финансиска поддршка за ранливите домаќинства кои биле дел од неформалната економија и останале без приходи. Освен тоа, Развојната банка ќе им стави на располагање дополнителни средства на комерцијалните банки по поволни услови. Владата воведе и контрола на цените на основните прехранбени производи, лековите и средствата за дезинфекција и ги укина увозните давачки на медицински потрошен материјал.

**II. Монетарни и макрофинансиски мерки**

a. Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) ја намали својата основна каматна стапка за 25 процентни поени на 1,75% на 16 март. Исто така, НБРСМ обезбеди поголема ликвидност на банките со намалување на износот на трошоците за благајнички записи.

b. НБРСМ ја ревидираше својата регулатива за кредитен ризик, со цел да ги поттикне банките привремено да ги преструктурираат заемите и ги олабави своите стандарди за класификација на нефункционалните заеми. Исто така, го намали и износот на задолжителните резерви на банките при поднесувањето на нивниот прв Извештај за проценка на ликвидноста, за да им овозможи да се фокусираат на обезбедување кредити, одржувајќи го при тоа квалитетот на кредитното портфолио.

**Дел II: Механизмот за поддршка на платите**

4. **На 7 април и 13 јуни 2020 година, Владата ја донесе Уредбата за финансиска поддршка на работодавачи од приватниот сектор погодени со здравствената и економската криза предизвикана од вирусот КОВИД 19, со која се воспоставува механизам за поддршка на исплата на платите за месеците април и мај 2020 („Уредбата“).** Основната цел на механизмот е да им се овозможи на работодавачите да ги задржат вработените на нивниот платен список во текот на кризата, за да можат бргу и ефикасно да го рестартираат своето работење по кризата.

5. **Со Уредбата, Владата обезбедува финансиска поддршка за работодавачите од приватниот сектор за месеците април, мај и јуни 2020 година, во износ од најмногу 14.500,00 денари по вработен согласно со работното време на кое е пријавен вработениот, под услов работодавачот да ги исполнува следните услови:**

a. Намалување на вкупните приходи од 30% во месецот за кој се поднесува барање во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени во 2019. Во случај работодавачот да е регистриран во релевантниот регистар по март 2019., референтната вредност за пресметката е месечниот просек на вкупни приходи остварени од денот на регистрација во релевантниот регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020. Во случај работодавачот да врши дејност од сезонски карактер, референтната вредност за пресметката се приходите во четирите месеци во сезонскиот период во претходната година;

b. Да не исплатува дивиденди на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на бонуси, награда за деловна успешност или какви и да е други награди за вработените и членовите на органите на управување и надзор од датумот на влегување во сила на Уредбата до исплатата на плати за месец јуни 2020 година; и
c. Најмногу 10% од вкупниот број на вработени да имаат поединечна месечна плата која надминува 120.000,00 денари месечно по вработен, во текот на месецот за кој работодавачот поднесол барање за финансиска поддршка.

**6. Согласно со Уредбата, работодавач кој поднесол барање за финансиска поддршка не се квалификува за користење на финансиската поддршка за вработените доколку:**

a. Вработениот примал нето месечна плата повисока од 39.900,00 денари секој месец во текот на декември 2019., јануари 2020. и февруари 2020 година;
b. Работодавачот е корисник на субвенции согласно со Уредбата за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на Вонредната состојба;
c. Работодавачот користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност; и
d. Вработениот е вработен за целите на дополнителна работа, во согласност со Законот за работни односи.

**7. Понатаму, со Уредбата се предвидува дека работодавачот треба да ги врати добиените средства во буџетот во согласност со следните параметри:**

a. најмногу до износ од 50% од пријавените финансиски резултати остварени во 2020 година, зголемен за износот на расходите кои подлежат на оданочување и намален за износот на искажаните приходи во даночниот биланс за работодавачи кои подлежат на данок на добивка;
b. најмногу до износ од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година за работодавачите кои подлежат на годишен данок на вкупниот приход; и
c. најмногу до износ од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година, зголемен за нематеријалните трошоци за даночни цели во годишниот Даночен биланс за самостојните вршители на дејност.

Враќањето мора да се изврши во три еднакви месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.

**8. Последователно, Владата издаде ревидирана Уредба со следните измени:**

a. Поддршката за исплата на плати може да се однесува на сопственикот/основачот на работодавачот, со што бенефициите се прошируваат и на самовработените и на семејните бизниси, и
b. Периодот во текот на кој работодавачот мора да задржи одреден број вработени по добивањето поддршка за исплата на плати се намали од четири на два месеци (до јули 2020);
c. Работодавачите со најмногу 50 вработени во месецот за кој добиле поддршка не смеат да го намалат бројот на вработени за повеќе од 15%, работодавачите со број на вработени од 50 до 250 не смеат да го намалат тој број за повеќе од 10%, додека работодавачите со над 250 вработени не смеат да го намалат бројот на

вработени за повеќе од 5%, со исклучок на вработените кои одат во пензија или кои починале. Бројот на вработени може да се намали единствено во следните случаи:

- пензионирање и смрт на вработен,
- откажување на договорот за вработување од страна на работникот,
- откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на
- работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски,
- спогодбено преземање на работник,
- престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда, и
- престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа;

d. Одржливи фирми во секторите туризам, кетеринг (сместување, ресторани, барови, туристички агенции и туроператори) и транспорт (копнен, воден и воздухопловен транспорт) кои бараат финансиска помош во рамките на поддршката може да поднесат барање и за покривање на 50% од придонесите за социјално осигурување на нивните вработени кои ги исполнуваат условите согласно со Уредбата за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба. За целите на постојната поддршка, се смета дека фирмите се одржливи[1] доколку:

    i. немаат неплатени даночни обврски во износ поголем од 5.000 евра;
    ii. немаат искажано загуби во Даночниот биланс за 2018 и 2019 година; и
    iii. заклучно со 29 февруари 2020 година, не доцнеле со плаќање на обврски по заеми подолго од 90 дена или повеќе според податоците од официјален регистар.

e. Работодавачи со помалку од 250 вработени кои ќе остварат добивка до крајот на финансиската 2020 година не се обврзани да ја вратат финансиската поддршка единствено доколку може да докажат дека инвестирале во подобрување на продуктивниот капацитет на работењето во износ најмалку во висина на износот кој поинаку треба да се врати. Таквите инвестиции може да вклучуваат подобрување на:

. Способностите на вработените:

. Обука на вработените во области како маркетинг и брендирање, финансиско управување, надградба на производството, истражување и развој, дигитална надградба

. Обука за вработените во управата како што е бизнис менаџмент, корпоративно управување или која било од активностите дефинирани како обука на вработените.

[1] Ова не претставува правна или финансиска проценка на одржливоста на една фирма. Наместо тоа, тоа е проверка на исполнувањето на условите, изготвена за целите на постојната поддршка. Фирмите кои немаат поднесено даночен биланс за двете години (2018 и 2019) или имаат поднесено даночен биланс само за 2019 доколку почнале со работа во 2019 година не ги исполнуваат овие услови.

. Оперативни подобрувања на компанијата:

. Трошоци поврзани со надградба на производството (на пр., ефикасно производство, дизајнирање процеси, ефикасно канцелариско работење), маркетинг и брендирање, промена во бизнис моделот, дигитална трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ

. Акредитација за нови стандарди, трошоци за интелектуална сопственост

. Продуктивен капитал

. Опрема и други средства кои се користат во редовното работење заради подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето. Тоа може да вклучува опрема поврзана со производството, компјутерска и поврзана опрема, софтвер, транспортна опрема

Трошоците кои не се признаваат се трошоците за вообичаените деловни активности (плати, канцелариски трошоци, трошоци за одржување, трошоци за сметководство и правни работи, трошоци за усогласеност и владини надоместоци, трошоци за финансирање, изнајмување), продажни активности (рекламирање, репрезентации, печатење и пласирање, трговски саеми), трошоци за одржување на постојниот софтвер и трошоци за одржување на постојните сертификати во индустријата. Трошоците кои се финансираат во рамките на компонентата CERC мора да бидат во согласност со заштитните барања и антикорупциските насоки на Светска банка.

**Дел III: Модалитети на финансирање на механизмот за поддршка на платите од компонентата CERC**

**9. Владата побара финансии од Светската банка за механизмот за поддршка на платите во рамките на Компонентата на итната мерка за непредвидени ситуации (CERC) на Проектот за поврзување на локалните патишта.** Основната цел на механизмот е да се елиминираат трошоците за пребарување и обуки за одржливите фирми во периодот на заздравување, а да се задржат што е можно повеќе вработени во текот на вонредната состојба. Поддршката на одржливите фирми е од голема важност, со оглед на тоа што тие ќе го придвижуваат економскиот раст во периодот на заздравување.

**10. И покрај тоа што корисниците на CERC се одржливи фирми, за целите на пресметување на трошоците на интервенцијата е потребно да се извршат пресметки на ниво на бројот на вработени.** Се очекува дека, по примената на филтрите на Светска банка во однос на фирмите, околу 64.000 вработени ќе добијат поддршка во висина од нето минимална плата[2]. Отприлика 16.000 – 30.000 вработени во одржливи фирми во секторите туризам, транспорт и кетеринг ќе ги исполнат условите за добивање 50% од платените придонеси од социјално осигурување. Како таква, се очекува од компонентата CERC да се распределат приближно 33 милиони евра. Десетте проценти издвоени за непредвидени трошоци ќе го зголемат износот на околу 37 милиони евра. Во или околу јуни 2020., Светската банка и Владата ќе го оценат статусот на кризата и потребите од

[2] Секторот земјоделство е исклучен од компонентата CERC, со оглед на тоа што добива поддршка во рамките на други програми на СБ.

финансии и ќе дискутираат за користење на преостанатите средства во текот на уште еден месец. Средствата кои не се искористени за активностите кои се детално опишани во Прирачникот за грант во рамките на компонентата CERC до 1 октомври 2020 година ќе бидат пренасочени кон категориите на трошоци кои не се вклучени во компонентата CERC, како што се дефинирани во Договорот за заем.

**11. Владата и Светска банка се договорија дека финансирањето на поддршката од средствата на компонентата CERC ќе се ограничи на фирми кои исполнуваат одредени критериуми. Критериумите ќе се засноваат на три филтри, како што следи:**

a. *Филтер за претпријатија*: средствата од компонентата CERC ќе им бидат достапни исклучиво на малите и средните претпријатија (т.е. претпријатија со помалку од 250 вработени во моментот на поднесување барање за делумно субвенционирање на платите). Филтерот за претпријатија ќе се спроведе врз основа на податоците добиени од Управата за јавни приходи (УЈП). УЈП располага со информации за бројот на вработени во дадена фирма;
b. *Филтер во однос на заштитните барања*: средствата од компонентата CERC ќе бидат достапни само за претпријатија кои го исполнуваат барањата во однос на еколошката и социјалната заштита кои важат во однос на проекти на Светската банка. Овој филтер ќе се спроведе врз основа на одреден број конкретни прашања во образецот за поднесување барање, кој работодавачот треба да го достави до УЈП. Прашањата кои треба да бидат содржани во образецот за поднесување барање се приложени во вид на Додаток „А“. Треба да биде задолжително за сите фирми-баратели да одговорат на сите наведени прашања. Барателот не треба да може да го поднесе барањето доколку не одговорил на сите прашања. Не се очекува Владата во пракса да ги проверува одговорите на компаниите на прашалникот;
c. *Филтер на одржливостr*: средствата од компонентата CERC ќе бидат достапни само за претпријатија кои ќе ја минат проверката на одржливост, т.е.:
   i. немаат неплатени даночни обврски во износ поголем од 5.000 евра;
   ii. немаат искажано загуби во Даночниот биланс за 2018 и 2019 година; и
   iii. заклучно со 29 февруари 2020 година, не доцнеле со плаќање на обврски по заеми подолго од 90 дена или повеќе според податоците од официјален регистар (како што е Кредитното биро).

Филтерот на одржливост ќе се спроведе на два начина:

- проверките на одржливоста во однос на неплатени даночни обврски и загуби ќе се спроведат врз основа на податоците од постојната база на податоци на УЈП и со нив нема да се бара вклучување на конкретни прашања во прашалникот што работодавачот треба да го достави до УЈП; и
- проверките на одржливоста врз основа на официјалниот регистар ќе се спроведуваат преку размена на информации помеѓу официјалниот регистар (т.е. Кредитното биро) и УЈП. Конкретно, УЈП го доставува до регистарот списокот на фирми кои ги исполнуваат условите на првите два филтри на одржливост, а регистарот го разгледува списокот и ја известува УЈП за претпријатијата кои имаат обврски кои се неплатени 90 дена или подолго на 29 февруари 2020 година.

**12. Извршена е проценка на проектната Единица за сообразување со вонредната состојба (ЕСВС) во однос на барањата на Светска банка во поглед на фидуцијарната улога и заштитите:**

a. **Постојните аранжмани за финансиско управување и набавки да се соодветни и доволни за да обезбедат задоволително ниво на контрола на трансакциите.** Се предлага ризичниот рејтинг во поглед на финансиското управување и набавките за компонентата CERC да се смета за Значителен.

   Специјалистот за финансиско управување од проектот MSIP, кој е предвиден во рамките на примарната надзорна улога во однос на финансиското управување со спроведување на компонентата CERC да има доволно знаење и вештини за извршување на задачата. Второто лице од Проектот за поврзување на локални патишта (ППЛП) има помалку искуство во однос на процедурите на СБ, но е избрано врз основа на конкурентни понуди за таа позиција и му беа обезбедени одредени онлајн обуки во поглед на тие процедури. Назначениот Специјалист за набавки од ЕСВС има доволно познавања и искуство за да ја ангажира ревизорската фирма и да управува со обезбедувањето податоци од официјалниот регистар.

b. **Аранжманите за спроведување на еколошките и социјалните заштитни мерки се оценети како прифатливи и задоволителни.** Се предлага ризичниот рејтинг во поглед на компонентата CERC да се смета за низок. Пред активирањето на компонентата CERC, изготвена е соодветна Рамка на еколошко и социјално управување (РЕСУ).

c. **Еколошката и социјалната должна анализа на компонентата CERC ќе биде поддржана од страна на раководителот на одделението на ЈПДП (Јавното претпријатие за државни патишта).** ЈПДП го спроведе Проектот за државни и регионални патишта финансиран од страна на Банката, кој беше одобрен во септември 2014., а завршен во септември 2019 година. Општото еколошко управување со проектот беше Умерено задоволително, при што социјалното управување со проектот беше оценето како Задоволително. Проектот резултираше со потреба од Оцена на животната средина (OP/BP 4.01) и беше оценет како проект од Еколошка категорија Б. За да се постигне еколошка сообразеност на проектот, ЈПДП подготви Рамка за управување со животната средина и социјалните прашања (РУЖССП), во која беа нагласени главните еколошки ризици поврзани со работите на санација на патиштата и дефинирани процедурите, одговорностите и начинот на спроведување, за целите на изработка на конкретни Планови за оцена и управување со животната средина (ПОУЖС). За управување со еколошките и социјалните аспекти беше задолжено Одделението за заштита на животната средина и социјални аспекти на ЈПДП.

d. **ЈПДП го спроведува Проектот за регионален урбан развој финансиран од СБ.** Проектот беше одобрен во јуни 2015 година, а предвидено е да биде завршен во декември 2020. Оценет е како проект од Еколошка категорија А. Тековниот рејтинг на спроведување на проектот е Умерено задоволителен во однос на управувањето со животната средина и Задоволителен во однос на управувањето со социјалните аспекти.

e. **Со мали модификации кои ќе бидат извршени пред распределбата на средствата за поддршка на исплатата на плати, ИТ системите во УЈП, во кој се внесуваат и се филтрираат барањата за финансиска поддршка, како и системите во Министерството за финансии со кои се врши обработка на исплатите во корист на**

**фирмите, се соодветни.** Врз основа на неодамна завршената проценка и појаснувањата дадени од страна на тимовите на Управата за јавни приходи (УЈП) и на Министерството за финансии (МФ) во текот на подготовките за активноста CERC, ставот на тимот на Банката е дека постојните системи во земјата може да се искористат (со одредени прилагодувања) за автоматизација на целиот процес на поднесување онлајн барања, процена и избор на фирми, исплата на финансиска поддршка, информирање на барателите за статусот на нивното барање и известување за резултатите.

Се очекува УЈП да креира засебна страна на постојниот портал Е-даноци, заради онлајн поднесување на барањата. Исто така, системите ДАНИС/МПИН на УЈП треба да се прошират со дополнителен модул, за да се автоматизира оценувањето и изборот на фирми. Постојните системи на МФ може да се користат директно и без никакви прилагодувања, со следење на истата постапка којашто се применува за другите овластени плаќања од страна на Владата. Преносот на податоци помеѓу УЈП и МФ во однос на исплатата на финансиска поддршка може да се врши преку постојниот интерфејс, врз основа на протокол за безбеден пренос на документи. Во случај УЈП да успее да ги развие горенаведените дополнителни можности на постојните платформи, предложената автоматизација на работните процеси може да се спроведе преку постојните системи во земјата. Процена на ИТ системот е приложена во вид на Анекс 2. Исплатата на средствата од компонентата CERC ќе се изврши дури откако потребните прилагодувања на ИТ системот во насока на генерирање извештај за фирмите што ги исполнуваат критериумите ќе бидат направени и одобрени од СБ.

13. **Компонентата CERC ќе функционира како механизам на рефундирање.** Најпрво ќе биде отворена наменска сметка во евра во НБРСМ, на која ќе стојат средствата од компонентата CERC и која ќе биде поддржана со соодветна, денарска контра-сметка отворена во рамките на Единствената трезорска сметка на име на ГС. Со двете сметки ќе управува ЕСВС, а ќе се користат за плаќање за набавка на податоци од официјалниот регистар (како Кредитното биро) и за ревизијата. На или околу 13 мај, 13 јуни и 13 јули 2020 година, Владата преку ГС ќе изврши исплата во корист на сите фирми кои ги исполниле условите за поддршката за исплата на плати од „Фондот за поддршка на справувањето со кризата предизвикана од КОВИД-19“ (Солидарен фонд за КОВИД-19) во рамките на Трезорската сметка. Се очекува дека, околу една недела подоцна, вкупниот износ на средства кои соодветствуваат на барателите коишто ги исполнуваат критериумите на СБ да биде префрлен од СБ во корист на владиниот Солидарен фонд за КОВИД-19 на Трезорската сметка. Во Анекс 3 се опишани процесот на доделување средства и протокот на средства од компонентата CERC.

**Анекс 1 – Прашања за барањата за поддршка во однос на социјалните и еколошките заштитни барања**

| ИСПОЛНУВАЊЕ УСЛОВИ | | |
|---|---|---|
| **Ве молиме наведете дали вашата компанија е вклучена во некоја од следните дејности:** | | |
| Трговија со диви животни и производи од диви животни забранета со Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови (CITES) | ○ да | ○ не |
| Производство, дистрибуција и продажба на забранети пестициди и хербициди. | ○ да | ○ не |
| Производство, ракување и отстранување на радиоактивни производи. | ○ да | ○ не |
| Складирање, преработка и отстранување на опасен отпад, дозволено со националното законодавство и во ЕУ. | ○ да | ○ не |
| Користење хлорофлуоројаглероди (CFCs) во производството или сервисирањето или други супстанции регулирани со Протоколот од Монтреал. | ○ да | ○ не |
| Производство на електрична опрема која содржи полихлоринирани бифенили (PCBs) во количина од над 0,005 % од тежината | ○ да | ○ не |
| Производство на производи кои содржат азбест. | ○ да | ○ не |
| Производство на нуклеарни реактори и делови за нуклеарни реактори. | ○ да | ○ не |
| Производство на непреработен или преработен тутун. | ○ да | ○ не |
| Производство на опрема за преработка на тутун. | ○ да | ○ не |
| Производство на огнено оружје. | ○ да | ○ не |
| Производство или трговија со алкохолни пијалаци (со исклучок на пиво и вино, туризам и угостителство). | ○ да | ○ не |
| Индустрија на обложување и игри на среќа. | ○ да | ○ не |

| **Претпријатијата-корисници го изјавуваат следното** | |
|---|---|
| Сите вработени имаат договори за вработување | ДА |
| Вработените јасно се информираат за работните задачи и условите на вработување | |
| Потврда на возраста. Потврдете дека компанијата не ангажира малолетни работници | |
| Ги исполнуваме регулативата за БЗР и националната стратегија за БЗР и сме во сообразност со истите<br>(посебно внимание да се обрне на градежната индустрија) | |

| ДОЗВОЛИ И СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | | |
|---|---|---|
| **Дозволи** | | |
| Дали компанијата има добиено негативен извештај од инспекција во однос на животната средина или против неа биле покренати постапки во врска со животната средина во текот на минатата година? | ○ да | ○ не |
| Дали била утврдена одговорност на компанијата за фатални или тешки повреди, доколку ги имало, во текот на минатата година? | ○ да | ○ не |

*Треба да биде задолжително за сите фирми да одговорат на сите прашања погоре. Барателите не треба да можат да го поднесат барањето доколку не одговориле на сите горенаведени прашања.

**Во барањето треба да биде содржана изјава со следната формулација: „Со означување на ова поле, корисникот на средства од Светска банка преку овој процес на поднесување барање се согласува да ги почитува одредбите на Антикорупциските насоки на Светска банка (https://policies.worldbank.org/sites/ppf3/PPFDocuments/4039)

## Анекс 2 – Брза процена на системите на земјата за поддршката за исплата на плати од компонентата CERC

### Вовед

Оваа техничка белешка претставува брза процена на постојните системи на земјата и на брзите подобрувања кои се потребни за целите на автоматизација на работните процеси, почнувајќи од процесот на првично доставување онлајн барање и на вршење селекција, па до исплатата на банкарската сметка на фирмите-корисници кои ги исполнуваат условите, вклучително и релевантните механизми на контрола, следење и известување.

За целите на автоматизација на две важни фази, ќе се користат следните системи на земјата:

1. **Поднесување онлајн барања и избор на фирми што ги исполнуваат критериумите:** Системите е-Даноци, МПИН и други системи на Управата за јавни приходи (УЈП) ќе се користат за онлајн поднесување на барања и избор на фирми што ги исполнуваат критериумите. Одобрениот список на фирми што ги исполнуваат критериумите се доставува до Секторот Трезор на „УСБ“ (во „Ексел“ формат) за целите на електронска исплата преку постојниот Трезорски систем.
2. **Исплата на корисниците:** Системите е-Буџет и Трезор (TrIS) на Министерството за финансии (МФ) ќе се користат за регистрација на буџетските распределби и исплатите на сите корисници. Ќе се користи Единствена трезорска сметка (ЕТС) за вршење конкретни исплати на банкарските сметки на сите корисници преку банкарскиот систем со кој раководи Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ).

Светската банка спроведе сеопфатна проценка на системите за управување со јавните финансии кои МФ ги користи во 2019 година и изготви детални барања во поглед на идниот Систем за интегрирано информирање за финансиското управување. Конечниот извештај за овој проект беше официјално поднесен до МФ во април 2020. Врз основа на таа активност, тимот веќе изработи детална оцена на трезорските и буџетските системи на МФ, заедно со преглед на другите основни системи на финансиско управување, вклучително и системот е-Даноци. Врз основа на податоците од тие неодамна спроведени процени и појаснувањата/ажурирањата од страна на службеници на УЈП и на МФ во текот на подготовките за предложената активност CERC, во следните делови се претставени релевантните можности на горенаведените системи на земјата.

Шемата на текот на процесот, изготвена од страна на УЈП (Графикон 1), го илустрира користењето на постојните регистри/системи на УЈП за целите на автоматизација на гореспоменатите текови на процесот. УЈП информираше дека системите е-Даноци и МПИН, со одредени подобрувања, може да се користат за автоматизација на онлајн поднесувањето барања и изборот на фирми. Постојните системи на МФ ќе се користат директно, без никакви прилагодувања, со следење на истата постапка којашто се применува кај други овластени плаќања од страна на владата.

### Онлајн поднесување барања и избор на фирми што ги исполнуваат критериумите

УЈП го користи системот е-Даноци и други системи за онлајн барања и поднесување обрасци од страна на даночните обврзници за разни потреби и автоматизација на разни функции на УЈП, како што е резимирано подолу:

- е-Даноци – портал за електронска комуникација со даночните обврзници за онлајн пополнување обрасци.

- ДАНИС – Основниот систем на УЈП за обработка на даночни пријави, вршење пресметки, заеми и евиденција на даночни обврски.
- МПИН – Систем за автоматски прием, обработка и исплата на плати.
- КИБС – Клириншката куќа КИБС АД Скопје е оператор на платниот систем за намирување мали меѓубанкарски плаќања.

**Поднесување барања:** Нов образец на онлајн барање ќе биде изработен брзо, во склоп на порталот е-Даноци, за целите на поднесување барања од заинтересираните фирми. Тимот на Банката го достави потребниот формат и полиња со податоци за овој образец до тимот на УЈП заради соодветна изработка на нов образец на онлајн барање.

Во моментот, вработените се регистрираат како корисници на порталот е-Даноци. Оваа веб апликација има вграден генератор на обрасци, со помош на кој УЈП може да креира нови видови обрасци (даночни пријави, барања, итн.). Таквиот генератор на обрасци поддржува урнеци во кои се содржани полињата за внос на податоци (нумерички и алфанумерички) и полињата за означување кои се потребни за спроведување на барањето за финансиска поддршка. Системот е-Даноци може да поддржува и прилози во вид на документи, но, во тој случај, нема да е можна автоматска постапка. Системот има сопствена база на податоци и, од сигурносни причини (заштита од надворешни упади), не е директно поврзан со основните платформи во системот ДАНИС. Електронските барања поднесени преку системот е-Даноци понатаму се пренесуваат до ДАНИС, каде што се вршат неопходните контроли во согласност со податоците со кои располага УЈП:

- УЈП располага со податоци од годишните сметки добиени од Централниот регистар, кој е одговорен за прием и обработка на тие годишни сметки. Од тие податоци, се преземаат нето добивката од претходната година и основната дејност.
- УЈП располага со податоци во врска со обврските на правни лица во износ од над 300.000,00 денари и обврските на физички лица (вклучително и трговци-поединци) во износ од над 20.000,00 денари со состојба на 31.1.2019 и плаќања извршени заклучно со 29.2.2020.

**Евалуација и избор на фирми:** УЈП ќе креира друга апликација за автоматизација на процесот на евалуација и избор на фирми врз основа на пребарување на релевантните регистри/системи (на пр., е-Даноци, ДАНИС, МПИН) за целите на неопходните контроли и верификации потребни за исполнување на условите за добивање финансиска поддршка. Поднесените барања и релевантните системи се проверуваат во однос на нивната сообразеност со барањата во поглед на социјалните и еколошките заштити, барањата за одржливост на Светска банка, како и барањата во однос на финансиското управување.

Поднесените податоци се проверуваат при приемот и обработката на барањето. По верификацијата на барањето, ДАНИС враќа порака со статусот на барањето до е-Даноци и го информира барателот за комплетноста на барањето. Комплетните барања се обработуваат (реплицираат) во системот МПИН. Со исклучок на процесот на добивање податоци од официјалниот регистар, сите други процеси ќе се одвиваат автоматски, без учество на човечки фактор и со однапред дефинирани основни процедури (на проверка). Деталите на ваквиот процес на верификација се содржани во Анекс 2.

**Список на фирми што ги исполнуваат критериумите:** Оваа апликација исфрла табела во „Ексел“, во која се наведени сите примени барања, извршените контроли врз основа на утврдените критериуми и резултатите од таквата евалуација. Таа табела во „Ексел“ се изготвува по автоматизираните проверки, за да се избегнат сите рачни интервенции и да се обезбеди заштита

од менување на конечниот список. ГС го разгледува списокот и одобрува исплата на наведените корисници. Фирмите ќе имаат можност да го следат статусот на нивното барање онлајн на порталот е-Даноци и, доколку е потребно, да поставуваат прашања.

**Пресметување на износите за исплата:** УЈП има систем за поднесување електронски пресметки на плати (МПИН), кој овозможува контрола на пресметките и исплата на целосната плата (нето платата на вработените, данокот на трезорската сметка, а придонесите во фондовите). При пресметување на платите, се проверува дали работодавачот има поднесено комплетно барање за финансиска помош и за кои вработени даночниот обврзник има побарано финансиска помош. Во овој дел ќе бидат вградени дополнителни контроли, кои се предуслов за добивање на финансиската поддршка (на пр., помалку од 10% од вработените да имаат плата од над 120.000,00 денари).

**Исплати:**

По проверката на пресметката, на работодавачот му се издава документ (фолио) со кој се врши исплата на платата. Во документот треба, по правило, да се содржани податоците за износот на нето платата, даноците и придонесите кои треба да се платат, како и субвенцијата која ќе биде одобрена во однос на придонесите. Документот ќе содржи и информации за финансиската поддршка што ќе ја добие компанијата.

Податоците од тие пресметки се поднесуваат електронски до Генералниот секретаријат и го прикажуваат следното:

- Компаниите кои ги исполнуваат критериумите и износот на субвенција за покривање на 50% од социјалните придонеси од страна на Светска банка
- Компаниите кои ги исполнуваат критериумите и износот на субвенција за покривање на нето платата од страна на Светска банка
- Компаниите кои не ги исполнуваат условите за поддршка од Светска банка и износот на субвенцијата за покривање на нето платата од Солидарниот фонд КОВИД-19

**Размена на податоци помеѓу системот е-Даноци и Трезорскиот систем (TrIS):** Извештаите за состојбата на Трезорските подсметки за даночни приходи се генерираат автоматски во TrIS и се доставуваат до УЈП по електронска пошта, заради нивна регистрација во системот е-Даноци и во други системи. УЈП ги верификува пресметките на плати (кои буџетските корисници први ги доставуваат до даночната управа заради контролна пресметка) и, по успешната проверка, ги испраќаат до TrIS, заедно со бројот на Фолиото (верификацискиот број) преку FTP протокол. Бројот на фолиото му овозможува на буџетскиот корисник да внесува во TrIS пресметки на плати (од локалната Трезорска служба). Сличен процес ќе се користи и за пренос на деталите за одобрените исплати од системот е-Даноци во Трезорскиот систем по нивното одобрување.

Со оглед на тоа што УЈП е електронски поврзана со деловните банки преку КИБС, УЈП има информации за примените уплати веднаш по извршената исплата на плати од страна на работодавачот. Податоците за пресметките на исплатата ќе бидат расположливи во електронски формат заради контрола и заради поддршка на ревизијата.

Како што е објаснето во шемата на текот на процесот подолу, УЈП и МФ ќе ги евидентираат сите релевантни податоци во однос на барањата, евалуацијата, изборот на фирми што ги исполнуваат

критериумите, деталите за исплатите и конфирмација на исплатите и ги доставуваат до тимот на Банката заради нивно разгледување и пополнување на потребите.

УЈП, исто така, ќе воспостави и линија за поддршка на платформата за онлајн поднесување барања, за да одговара на прашањата на барателите во врска со процесот и резултатите од евалуацијата, во случај на добиени барања за информации или приговори на кои треба да се одговори.

**Исплати на корисниците**

МФ ги користи системот е-Буџет и Трезорскиот систем (TrIS), како и Единствената трезорска сметка (ЕТС) од 2002 година. Врз основа на наодите на неодамна извршената проценка на системите за управување со јавните финансии, постои сигурен буџетски и трезорски систем, а работењето на ЕТС е во ред и системот е во состојба да води евиденција и да известува за деталите во поглед на сите трошоци платени од конкретните подсметки во рамките на ЕТС. Платни налози може да се испраќаат од TrIS до Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) во вид на електронски документ преку сигурна врска. Трезорските служби секојдневно работат со тие платформи со неопходните контроли и надзор и овие системи на земјата може да даваат сигурни податоци во врска со сите текови на приливите и одливите.

За целите на исплатите, секоја буџетска институција треба да достави документ со податоци, во кој се содржани сите потребни информации поврзани со исплатата (на пр., датум, валута, име на плаќачот, шифра на релевантната сметка, програма, цел на дознаката, износ, сметка на примачот, даночен/матичен број на примачот, број на повикување на примачот, вид на образец). Во зависност од условите, овој документ може да се поднесе на „УСБ“ до трезорската служба или во вид на соодветна електронска порака, заедно со допис кој е уредно потпишан од одговорното лице на институцијата која го поднесува барањето за исплата. При повикување документ, Трезорскиот систем проверува дали постојат одредени параметри кои се однапред дефинирани, во зависност од видот на плаќањето (на пр., проверка на бројот на фолиото, проверка на тоа дали сметката на примачот е активна, дали сметката на плаќачот е активна/постои). Во УЈП има постоен линк помеѓу системите на УЈП и на МФ и може да се врши размена на податоци преку протокол за безбеден пренос на податоци наместо со помош на „УСБ“, за рачниот пренос на податоци да се сведе на минимум.

Откако ќе биде отворено барањето за исплата, овластените службеници на МФ вршат проверка и ја одобруваат исплатата. При одобрувањето, треба да се проверат одредени параметри содржани во самото барање, како, на пример, дали има буџет (претходно треба да има релевантна буџетска распределба регистрирана во системот е-Буџет), дали постои контен план и расходна сметка наведени во налогот, како и дали постои сметка на примачот. По тие контроли и одобренија, платниот налог изготвен во конкретен формат од страна на TrIS се доставува до НБРМ, а исплатите се вршат преку МИПС (Системот на меѓубанкарски плаќања на Северна Македонија) на банкарските сметки на поединечните корисници. На крајот од работниот ден, НБРМ го генерира извештајот за состојба на сметката (SWIFT порака MT950) и тој документ се зачувува во папката на адаптерот на документи. Потоа, активната скрипта го „лови“ документот и внесува податоци во TrIS, а за секое плаќање се врши порамнување.

**Графикон 1 - Шема на текот на процесите во УЈП за автоматизација на барањата и исплатите**



## АНЕКС 3 – Процес на одобрување средства од компонентата CERC

### А. Финализирање на списокот на Банката на фирми што ги исполнуваат критериумите:

Управа за јавни приходи (УЈП):



## АНЕКС 3 – Процес на поддршка на исплата на плати од компонентата CERC

### А. Финализација на списокот на Банката на фирми што ги исполниле критериумите:

<u>Управа за јавни приходи:</u>

УЈП ќе ги применува сите филтри кои се релевантни за финансирањето од страна на СБ, а кои се расположливи во базите на податоци на УЈП и во образецот на барањето (т.е. сите филтри, со исклучок на податоците кои се бараат од официјалниот регистар) и ќе состави список (извештај од базата на податоци) кој ги содржи сите фирми што ги исполниле барањата на процесот на филтрирање.

УЈП обезбедува податоци од официјален јавен регистар за компаниите со обврски кои се неплатени 90 дена или подолго со состојба на 29 февруари 2020 година.

УЈП ќе ги применува сите филтри кои се релевантни за финансирањето од страна на СБ, а кои се расположливи во базите на податоци на УЈП и во образецот на барањето и ќе состави список (извештај од базата на податоци) кој ги содржи сите фирми кои ги исполниле барањата на процесот на филтрирање, даночниот број на фирмата, името на фирмата, на колкав износ имале право (нето и социјални придонеси), за колкав број вработени и одговори на сите прашања во процесот на филтрирање и го доставува таквиот список до ЕСВС.

УЈП доставува список на фирми кои ги прошле сите филтри на СБ до проектната Единица за сообразување со вонредната состојба (ЕСВС). Списокот содржи име и даночен број на фирмата во формат во кој може да го прочита официјалниот јавен регистар/систем (на пр., во „Ексел“).

<u>ЕСВС:</u>

За информирање на вработените во фирмите, имињата на сите фирми-корисници поддржани и од владиниот буџет и со заем од Светска банка, заедно со износот на доделената субвенција, ќе бидат објавени на веб страната на УЈП или на Владата.

### B. Пред исплатата од страна на Банката:

<u>Министерство за финансии, Трезорски систем:</u>

На или околу 15 мај, 15 јуни и 15 јули, Генералниот секретаријат добива потврда од Трезорската служба во вид на извештај од банка за спроведени трансакции и извршени исплати на фирми. Потврдата се доставува и до ЕСВС. Во неа се содржани податоци за фирмите и износите исплатени на секоја од нив.

<u>ЕСВС при Генералниот секретаријат на Владата:</u>

Го добива извештајот и врши проверка по случаен избор на 1 процент од примателите, за да се осигури дека, врз основа на прашањата за филтрирање, фирмите ги исполнуваат условите за добивање средства од Банката.

Доколку се е во ред, ЕСВС доставува барање за исплата на средства во износ еднаков на вкупниот износ наведен во документот од СБ во корист на владината сметка за КОВИД при Генералниот секретаријат за тие нето плати, како и до Министерството за труд во однос на социјалните придонеси.

**C. Пред реализација на втората исплата:**

Управа за јавни приходи:

За да се рефундира владата во вториот месец, се применува истиот процес како и во првиот месец кој е опишан погоре.

*Дополнителен чекор кој треба да се спроведе најдоцна 15 дена по секоја исплата во мај и јуни.* Ова се однесува на нови баратели за секој месец, како и *на барање за рефундирање за исти баратели (т.е. оние кои поднесле барање првиот месец и повторно поднесле барање за вториот месец)*. За да се осигури дека фирмата го исполнува барањето да не отпушти повеќе од 5, 10 или 15 отсто од вкупниот број на вработени (во зависност од бројот на вработени) и за да се добие потврда дека фирмата ги исплатила платите на сите вработени во фирмата за претходниот месец врз основа на пресметката што ја доставила во првичниот образец на барање, УЈП изготвува извештај кој ги содржи името и даночниот број на фирмата, бројот на вработени во фирмата кои добиле помош, вкупниот број на вработени во фирмата на почетокот и на крајот на април 2020, на крајот од мај 2020 година и на крајот на јуни 2020 година. Управата за јавни приходи го доставува тој извештај до ЕСВС. ЕСВС врши проверка по случаен избор на 1% од фирмите на списокот, за да потврди дека го исполнуваат тој услов. Владата ја рефундира Светска банка во однос на случаи на неисполнување на условот, а фирмите што не го исполниле условот нема да можат да се јават како корисници на дополнителна помош од средства на Светската банка. Банката може да побара и дополнителни информации од фирмите за да спроведе истрага во однос на евентуална несообразеност со Антикорупциските насоки на Светска банка. Фирмите кои нема да ги обезбедат бараните информации ќе се сметаат за несообразени.

**D. По втората исплата:**

Управа за јавни приходи:

На крајот на август 2020 година, Управата за јавни приходи ќе изготви извештај во кој се содржани името на фирмата, даночниот број, бројот на вработени во фирмата што добиле поддршка за месеците април,мај и јуни 2020 (засебно за секој од месеците), бројот на вработени во фирмата кои добивале плата на крајот на април 2020., на крајот од мај 2020., на крајот од јуни 2020. и на крајот од јули 2020. Вкупниот број на вработени кои добиваат плата не треба да е намален за повеќе од 5, 10 или 15 проценти (во зависност од големината на фирмата) од првиот месец во кој фирмата добила поддршка па споредбено со крајот на јули 2020 година, а во извештајот треба да се укаже на сите неисполнувања на обврските.

Управата за јавни приходи го доставува овој извештај до ЕСВС.

ЕСВС при Генералниот секретаријат на Владата:

Го разгледува извештајот и, во однос на утврдените несообразувања, бара од Владата да изврши рефундирање за фирмите кои ги искористиле ресурсите на СБ во рамките на поддршката, но не го

задржале минималниот број на вработени. Банката може да побара дополнителни информации за да провери дали постоела несообразеност со Антикорупциските насоки на Светска банка.

Доколку бројот на компании кои ги исполнуваат условите за поддршката на исплата на плати според критериумите на Светска банка ги надмине расположливите средства на Светска банка, тогаш, наместо да се бара поврат на средствата што биле обезбедени за компаниите кои не се сообразени, ЕСВС може, врз основа на одобрение од Светската банка за секој поединечен случај, да ги замени таквите компании на списокот на поддржани компании со нови фирми кои ги исполниле критериумите, но биле финансирани од владиниот буџет поради недостиг на финансии од Светска банка. Сите такви нови компании кои би биле разгледани во поглед на добивање средства од Светска банка треба да минат низ истиот процес на филтрирање и одобрување објаснет погоре.

**E. Верификација дека фирмите ја реинвестирале добивката во износ еднаков на обезбедената субвенција во прифатливи цели**

Фирмите може да го инвестираат износот на пари кои инаку би требало да го вратат според постојната владина Уредба. До денот на кој треба да се доставаат даночните биланси, фирмите треба да достават до УЈП барање за трансформација на субвенцијата за плати во грант, заедно со релевантните фактури и доказот за извршено плаќање. По разгледувањето на тие документи, УЈП носи одлука за грантот. Доколку фирмата не ги обезбеди тие документи, ќе мора да ја рефундира владата во три месечни рати, како што е објаснето во уредбата.

Во август 2021 година, Министерството за финансии ќе достави извештај до Светска банка, со опис на статусот на секоја фирма-корисничка на грант од Светска банка во однос на тоа дали средствата биле вратени (и, ако биле, во кој износ), дали биле инвестирани (во што и во колкав износ), а доколку не биле вратени, со наведување на причините за тоа. Светска банка го резервира правото да побара дополнителни информации и да изврши дополнителна ревизија на извештајот.

**F. Известување и надворешна ревизија**

За целите на известување на Светската банка за финансиското управување, специјалистот за финансиско управување на ЕСВС назначен за компонентата CERC изготвува и доставува до Светска банка тримесечни извештаи, слични на оние за Проектот поврзување на локалните патишта.

По август 2020., но пред крајот на 2020 година, ќе биде избран надворешен ревизор, кој ќе изврши ревизија за да го потврди правилното користење на средствата, врз основа на Проектната задача договорена со Банката. Оваа ревизија ќе се спроведе засебно од ревизијата на Проектот поврзување на локалните патишта и ќе обезбеди сообразеност со техничките заштитни мерки и заштитните мерки во поглед на набавките, финансиското управување и социјалните и еколошките аспекти, како и Антикорупциските барања на Светската банка. Пред да се одобрат какви и да е исплати од компонентата CERC, Владата изготвува Проектна задача за ревизорската фирма, која е прифатлива за Светска банка.

**АНЕКС 4 – Механизам за справување со поплаки**

## Процес на справување со поплаки

Во согласност со барањето ESS10 на Светска банка, се воспоставува посебен механизам за справување со поплаки и за повратни информации.

Воспоставениот механизам за справување со поплаки се користи за прибирање повратни информации, прашања и коментари во врска со програмата. Механизмот се воспоставува на почетокот на процесот, со цел навремено да се добиваат и да се решаваат коментари и прашања на засегнатите страни, како и да се обезбедуваат дополнителни информации во врска со субвенциите на нето платата за компаниите/вработените опфатени со програмата.

Може да постојат разни видови поплаки. Некои од најчесто очекуваните поплаки во однос на програмата се следните: се очекува поплаки да поднесуваат компании кои сметаат дека ги исполнуваат условите за добивање поддршка од компонентата CERC, но го испуштиле рокот за поднесување барање. Доколку таквите компании достават поплаки, се упатуваат до релевантните субјекти за да добијат навремен одговор, како и поддршка од владиниот фонд, онаму каде што тоа е соодветно. Исто така, компанија која добила негативен ревизорски извештај може да поднесе поплака против таквата ревизија. Освен тоа, поплаки може да поднесуваат и вработени кои не добиле поддршка на нивните приходи и покрај тоа што нивниот(те) работодавач(и) добил(е) средства.

Управата за јавни приходи (УЈП) е одговорниот субјект за системот за доделување средства за субвенциите за минимум нето плата. Така, **Механизмот за поплаки во прва инстанца** се воспоставува во УЈП, заедно со процесот на поднесување барање.

Секој граѓанин/фирма го пополнува образецот со Барање - BFP-IP на следниот линк http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/221. На тој линк, Механизмот за поплаки е накусо изложен во последниот параграф и прикачен е Образецот за поплаки (Анекс 1). Ваквата поставеност му овозможува на секој граѓанин/фирма, веднаш по пополнувањето на образецот на Барањето, лесно да ја увиди можноста да пополни образец за поплака, доколку тој/таа смета е потребно да поднесе една или повеќе поплаки.

Образецот за поплаки може да се најде на веб-страната на УЈП, заедно со јасни информации за начинот на кој секоја засегната страна може да достави повратни информации, прашања, коментари, грижи и поплаки, како и информации во врска со управувањето со Механизмот за поплаки од страна на ЕСВС во смисла на процесот и роковите. На веб-страната ќе биде дадена и можност поплаките да се поднесуваат електронски. Сите поплаки може да се доставуваат анонимно. Тие се објавуваат на централно место на веб-страната (види слика).




Механизмот за поплаки може да се повика, да се пополни и поплаката да се поднесе на специјална адреса на електронска пошта: finansiska.poddrska@ujp.gov.mk.

Поплаки може да се доставуваат и по:

- телефон:  02 3253 200 или 0800 33 000
- пошта: ул. 11 Октомври бр. 10, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

УЈП има оформено тим од тројца вработени, кој ќе биде одговорен за Механизмот за поплаки за компонентата CERC. Тимот на УЈП ќе биде одговорен за справување со поплаките и обезбедување одговори во рок од 15 дена по приемот.

Специјалистите за еколошки и социјални прашања на ЕСВС ќе добиваат детален извештај од оваа електронска адреса, за да може да ги изработуваат потребните извештаи за спроведувањето на Механизмот за поплаки и/или за да одговорат на некои од поплаките од нивна надлежност и надлежностите на ЕСВС. Извештајот ќе се состои од список на примени поплаки, името на подносителот на поплаката и дадениот одговор.

Освен тоа, со цел да се зголеми транспарентноста, УЈП ќе објави и список на најчесто поставувани прашања и примени поплаки и одговори на истите, за секој граѓанин/компанија да може да види дека одговорот што тие го добиле е ист како и за сите други.

ЕСВС обезбедува дека Механизмот за поплаки функционира во случај на сите грижи и поплаки, особено во случај на оние доставени од погодени граѓани/компании и ранливи групи.

Заради поголема транспарентност и подобро информирање на јавноста, Генералниот секретаријат ќе го објави Списокот на компании на кои им била исплатена минимална нето плата на својата веб-страна, на истиот линк на кој се објавуваат документите за компонентата CERC. Во најмала рака, Списокот го содржи името на фирмата и видот на индустријата на која припаѓа. Алатката за транспарентност може да се поврзе и со отворениот линк: https://open.finance.gov.mk/mk/home

За оние граѓани/компании кои сакаат да поднесат формална поплака (прифатлива на суд), УЈП ќе прилагоди и ќе креира образец за поплаки, за кој граѓаните/компаниите ќе може да се информираат преку веб-страната на УЈП, а доставувањето на поплаките се врши преку порталот е-

Даноци. По поднесената поплака, УЈП одлучува каков ќе биде одговорот. За тие цели ќе се води формална архива, а податоците и доказите ќе се бараат од базите на податоци на УЈП, АВРСМ или од даночниот обврзник. Граѓаните/компаниите кои сакаат да поднесат поплака анонимно ќе може да го сторат тоа со испраќање на пополнетиот образец за поплаки до специјалната адреса на електронска пошта (finansiska.poddrska@ujp.gov.mk).

Во случај некоја поплака да не може да се разреши на начин кој е задоволителен за подносителот на поплака, тој/таа има право на жалба. Во такви случаи, одговорот на односната поплака се разгледува **во втора инстанца**, од страна на Комисија на ниво на агенцијата за спроведување (Службата на Генералниот секретаријат на Владата). По доставувањето на одговорот на поплаката од страна на УЈП, доколку даночниот обврзник е и натаму незадоволен, тој/таа може, по одговорот добиен од УЈП, да поднесе поплака до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Таквата информација ќе биде содржана во одговорот доставен од страна на УЈП.

Подносителите ќе може да ја поднесат жалбата преку образец за поплаки (Анекс 1), кој може да се најде на www.vlada.mk/CERC или на електронската адреса: finansiskimerki@gs.gov.mk.

Комисијата ќе се состои од три официјално назначени члена, кои не се директно вклучени во спроведувањето на Проектот. Комисијата го потврдува приемот на жалбата во рок од 3 дена и ја објавува својата конечна одлука во рок од 10 дена по приемот на жалбата. Комисијата при ГС ќе има овластување да побара од УЈП да ја преиспита документацијата на подносителот на поплака и да даде повратни информации или да го советува подносителот да ги искористи правните лекови на суд. Одлуката на Комисијата ќе содржи детално објаснување на процесот на справување со поплаки, како и образложение на конечната одлука, со насоки за тоа како да се продолжи со постапката доколку подносителот е и натаму незадоволен со исходот. Поплаките и одлуките ќе се објавуваат на веб-страната на Генералниот секретаријат.

Во секој момент, подносителите на поплаки може да побараат и други правни лекови, во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, вклучително и **формална жалба на суд.**

За да се обезбеди целосно функционирање на Механизмот за поплаки, треба да се преземат следните чекори:

**Чекор 1: Евидентирање на поплаката во регистарот на Механизмот за поплаки**

За да се опфатат и да се следат поплаките добиени во рамките на проектот, се планира воведување на посебен регистар на поплаки. Специјално назначени службеници од УЈП, ГС и ЕСВС ќе водат евиденција на информациите за поплаките во регистарот на поплаки. За оние кои ќе достават формална поплака, тие информации ќе се состојат од:

- Доделениот број на поплаката (на секоја нова поплака и се доделува посебен влезен број, на кој службениците ќе се повикуваат при секоја последователна комуникација)
- Датум на прием
- Име на засегнатата страна (или изјава дека поплаката е поднесена анонимно)

- Датум на потврда на приемот
- Опис на поплаката
- Опис на преземеното дејствие
- Датум на решавање на поплаката

ЕСВС го доставува Регистарот на поплаки до СБ еднаш месечно.

**Чекор 2: Промптно доставување потврда на приемот на поплаката до подносителот и втор одговор во рок од 5 дена по приемот[3]**

- Стандарден одговор од типот „Ви благодариме на пораката", „Ви благодариме на електронската порака, ќе ви одговориме колку што е можно поскоро" треба да се испрати веднаш до подносителот на поплаката (или да се овозможи автоматски одговор), за да се извести дека неговата поплака се разгледува. Одговорот треба да го содржи и референтниот број на поплаката, заради полесно следење на поплаките поднесени преку порталот е-Даноци.
- Втора порака треба да се испрати во рок од 5 дена, со информација во врска со тоа дали поплаката понатаму ја разгледува агенцијата или е преупатена на друг субјект или нема основа за натамошно постапување.
- Таа порака треба да содржи информации за процесот на поднесување жалба во случај подносителот на поплаката да не е задоволен со резултатот.

**Чекор 3: Оценување и испитување на поплаката**

- Сите поплаки треба да минат низ процес на објективна оцена, врз основа на фактите. Истражителите мора да бидат неутрални и без предрасуди.
- Не е потребно да се спроведува целосна истрага во однос на сите поплаки. Во некои случаи, може да биде доволно да се спроведе канцелариска истрага.
- За поплаките за кои е потребна истрага, одговорот треба да биде соодветен и пропорционален на наводната злоупотреба. Тоа може да значи и патување до локацијата на која дошло до потенцијален проблем. Може да е корисно истражителите да патуваат во парови, за да се овозможи прибирање докази и изјави од сведоци од страна на колегата.
- За секоја истрага треба да се чуваат прописни белешки, вклучително и список на сведоци, докази, итн., дневник на дејствија, итн. Одредени истраги може да резултираат со судски предмети, така што е важно да се води правилна евиденција.
- Дури и да нема поплаки, до Светска банка треба да се доставуваат месечни сумарни извештаи.
- Во случај на поплака која се однесува на измама или корупција, Светска банка треба веднаш да биде соодветно известена.

---

[3] Во моментот, не е можно спроведувањето на овој чекор, но ќе биде разгледан и вклучен при првата техничка можност

**Чекор 4: Доставување решение до подносителот на поплака во рок од 15 дена по приемот**

- Ќе се прават напори сите поплаки да бидат разрешени во рок од 15 дена по приемот. Сепак, одредени поплаки може да бидат сложени или да доведат до неочекувани последици, па за таквите поплаки ќе бидат потребни повеќе од 15 дена за разрешување, особено во услови на вонредна состојба.

**Чекор 5: Последователни активности**

- Поуките извлечени од поплаките и случаите може да бидат извонредно корисни при идни програми/операции.




Слика 1: Приказ на функционирањето на Механизмот за поплаки

## 1.1 Систем на справување со поплаки на Светска банка

Заедниците и поединците кои веруваат дека се негативно засегнати од проект поддржан од Светска банка (СБ) може да поднесат поплаки до постојните механизми за поплаки на ниво на проектот или до Службата за справување со поплаки (ССП) на Светска банка. ССП обезбедува промптно разгледување на примените поплаки, со цел да се решат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и поединците кои се засегнати со проектот може да ги поднесат своите поплаки до Независниот инспекциски панел на СБ, кој одлучува дали е причинета или може да биде причинета штета како резултат на тоа што СБ не е сообразена со сопствените политики и процедури. Поплаките може да се поднесат во секое време откако на Светска банка и е директно укажано на проблемот, а на Управата на Банката и е дадено време да одговори. За информации за начинот на поднесување поплаки до Механизмот за справување со поплаки (МСП) на Светска банка, ве молиме посетете ја страната *http://www.worldbank.org/en/projects-operations/products-and-services/grievance-redress-service*. За информации за начинот на поднесување поплаки до Инспекцискиот панел на Светска банка, ве молиме посетете ја страната *www.inspectionpanel.org*

# АНЕКС 1

## Образец на поплака

| | |
|---|---|
| **Референтен број** | |
| **Цело име (опционо)**<br>☐ **Сакам да ја доставам поплаката/повратните информации анонимно.**<br>☐ **Барам мојот идентитет да не се обелоденува без моја согласност.** | |
| **Информации за контакт** | ☐ **По пошта:** ***Ве молиме наведете поштенска адреса:***<br>________________________________________<br>______________________________ |

| | |
|---|---|
| | ☐ **По телефон: ____________________________________________________**<br>☐ **По електронска пошта: __________________________________________** |
| **Претпочитан јазик на комуникација** | ☐ **Македонски**<br>☐ **Албански**<br>☐ **Друг: ____________________** |
| **Род** | ☐ **Женски**<br>☐ **Машки** |
| **Возраст** | |
| | |
| **Опис на случката во однос на која се поднесува поплака/повратни информации** | Што се случило? Каде се случило тоа? На кого му се случило? Со што резултирал проблемот? |
| | |
| **Датум на инцидент / поплака** | |
| | ☐ **Еднократен инцидент/поплака (датум________________)**<br>☐ **Инцидентот се случил повеќе пати (колку пати? ______)**<br>☐ **Инцидентот е во тек (подносителот во моментот се соочува со проблем)** |
| | |
| **Што сакате да случи?** | |
| | |

## 1.2 ОПФАТ И КОНСУЛТАЦИИ

За да се постигне поголем опфат, сите расположливи медиуми се користат за да се промовира програмата: официјалните веб-страни на институциите, интернет портали со вести, радио и ТВ медиуми, социјални медиуми (профили на институциите и на службениците, како, на пример, на Фејсбук, Инстаграм и Твитер), Стопанската комора и професионалните организации и тела.

Секоја порака во медиумите треба да содржи јасни упатства во врска со тоа каде може да се добијат повеќе информации и кој е каналот за повратни информации/поплаки кој е доверлив и лесен за паметење.

Во однос на компаниите, примарната потреба е да се разбере како да се дојде до средствата и кои обврски тоа им ги наметнува. На пример, колкав износ треба да се префрли на вработените, со кои докази се поткрепува трансакцијата и во кој временски период? Казните за непочитување на правилата треба да бидат јасни, како и самите канали на Механизмот за справување со поплаки. Во сите пишани материјали (на пр., постери, материјали што се раздаваат, онлајн информации) треба да биде содржано некакво упатување на начелата кои се содржани во Антикорупциските насоки, вклучително и обврската да се известува за секој евентуален обид за злоупотреба.

Во однос на вработените, за некои луѓе може да биде многу тешко самите да се идентификуваат како учесници (или неучесници). Треба да се обрне големо внимание на начинот на кој информациите ќе се пласираат во јавноста, за да не се подгреваат несоодветни очекувања. Планираното вклучување на информациите на радио програмите може да се покаже како особено корисно во смисла на допирање до посиромашни семејства, особено жени. Користењето на социјалните медиуми е, исто така, одлична идеја и може да поттикне повратни информации, особено од страна на помладите корисници.

И покрај тоа што се очекува програмата да биде краткорочна, би било корисно каналите за повратни информации да останат отворени одреден временски период откако средствата ќе се исплатат, за да може и натаму да се одговара на прашања и да се продолжи со извлекување поуки за идните генерации.

Инволвираните институции и вработените во ЕСВС одблизу ќе ги следат опфатот и процесот на објавување.